Врз основа на член 65, став (6) од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 111/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и (Сл. Весник на РСМ бр. 89/22 и 171/22), Министерство за транспорт, на ден ________________ година, донесе

## Одлука за Неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на линиски инфраструктурен објект – подземен електричен кабел од 35 kV во КО Три Чешми – вон град, Општина Штип, од разводна табла која се наоѓа на ГГП, преку која ќе се овозможи поврзување на фотоволтаична електрана за производство на енергија од обновливи извори (сончева енергија), од новопланираната трафостаница до крајна точка, одредена согласно приклучната точка зададена со координати од Електродистрибуција ДООЕЛ, Скопје, кој се носи согласно Законот за урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.

**2.** Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Министерство за транспорт, www.mtc.gov.mk

**3.** Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на линиски инфраструктурен објект – подземен електричен кабел од 35 kV во КО Три Чешми – вон град, Општина Штип, од разводна табла која се наоѓа на ГГП, преку која ќе се овозможи поврзување на фотоволтаична електрана за производство на енергија од обновливи извори (сончева енергија), од новопланираната трафостаница до крајна точка, одредена согласно приклучната точка зададена со координати од Електродистрибуција ДООЕЛ, Скопје, нема да има негативно влијание врз животната средина од следните причини: Донесувањето на планскиот документ ќе придонесе за: намалување на емисиите во воздух, вклучувајќи намалени емисии на стакленички гасови и придонес кон ублажување на климатските промени, зголемување на енергетската ефикасност во однос на постоечките постројки во секторот енергетика, подобрување на услугите во производство и снабдување со електрична енергија, намалување на зависноста од увоз на струја, отворање на нови работни места, подобрување на бизнис климата, подобрување на квалитетот на живеење и зголемување на животниот стандард на населението. Имплементацијата на планскиот документ со својата намена за користење на обновливи извори на енергија е во насока на реализација на генералните цели на одржливиот развој преку намалување на вкупните емисии во воздух од производство на електрична енергија на конвенционален начин. Со правилно планирање и проектирање и добра анализа на влијанијата, предвидената активност во својата оперативна и функционална фаза нема да претставува значителен товар врз животната средина.

4. Согласно Решението за Услови за планирање на просторот со бр. УП1-15 430/2024 од 11.03.2024 год (издадено врз основа на Услови за планирање на просторот со тех.бр. Y66223 од февруари 2024 година) на подрачјето на проектниот опфат, нема одобрено урбанистичко планска ниту урбанистичко проектна документација, ниту за истите се води постапка.
5. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 67-712/8
Датум: 28.05.2025
Место: Скопје

**МИНИСТЕР**
**АЛЕКСАНДАР НИКОЛОСКИ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ * MINISTRIA E TRANSPORTIT
СКОПЈЕ - SHKUP